Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД - ВИНИЦА
СУ-02-11/19-1
22.03.2019 година
В и н и ц а

Врз основа на член 142 ст.6 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр.136/07,130/08,97/10,53/11... 185/11...165/17, 183/18), а согласно со предлогот за избор на најповолна понуда, содржан во Извештајот на Комисијата за јавни набавки при Основен суд Виница, Претседателот на судот Васка Петрова, на ден 22.03.2019година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

за избор на најповолна понуда за јавна набавка по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди до 5000 евра, со објавување на оглас 4/2019

I

Со оваа Одлука се избира најповолна понуда за јавна набавка, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди за јавна набавка чија вредност е до 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ, за набавка на еуродизел гориво за службеното возило на Основен суд Виница за 2019 година.

II

Согласно предлогот содржан во извештајот на Комисијата за јавни набавки при Основен суд Виница, како најповолна е избрана понудата од економскиот оператор „Дади Компани“ Дооел- с.Јакимово, Виница со последна понудена конечна цена од 51,69 денари по литар дизел гориво.

III

Претседателот на судот со економскиот оператор-носител на набавката од претходниот член ќе склучи договор за купопродажба за времетраење од 12-дванаесет месеци.

IV

Примерок од оваа Одлука, заедно со известувањето ќе се достави до понудувачите што учествувале во спроведената постапка за јавни набавки.

V

Одлуката влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

Основен суд Виница
Претседател,
Васка Петрова